Бр./Nr 12-1251/2

17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1251/1 од 27.03.2024 година, против судија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува, каде веќе подносителот ја доставил пријавата.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до надлежен орган.

Предметот со 12-1251/1 од 27.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 27.03.2024 година, поднесена е пријава против судија и оформен е предмет број 12-1251/1 од 27.03.2024 година. Во пријавата подносителот наведува дека постоела Пресуда -------------------------- со која бил осуден за кривично дело насилство на казна затвор од 7 месеци, во постапка која била неправилно водена. За подносителот било симптоматично што во повеќе наврати бил суден од иста судијка, којашто се јавувала како Претседател на совет во повеќе постапки и пресуди, заведени со броеви ------------------------------------. Исто така, на подносителот му било сомнително што пресудите ги добивал во копија без потпис од судија.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител
Одобрил: м-р Б.Ц. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата